Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-739/19
17.10.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr 14 - 739/19
17.10 20 23 год.-viti
SHKUP

**Записник од 69 -та седница на**
**Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 18.08.2023 година | **Време** | 12.00 – 15.00 часот |
| **Бр. на седница** | 69-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>6. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сања Фрковиќ Гелевска (Канцеларија на ЕУ во Скопје), Мирослав Гроздановски (МИОА) и Митко Аритоновски (МИОА) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов и Букурије Јашари Мемети | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 14.07.2023 година;<br>2. Усвојување на предлози за измени и дополнувања на доставениот Draft Inception Report - Feasibility Study for NODE and deployment of broadband;<br>3. Разно |
| ; |
| |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 69-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 68-та седница, одржана на 14.07.2023 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, отвори дискусија за Draft Inception Report, доставен од страна на консултантската куќа COWI, која треба да ја изработи Студијата за изводливост за развој на Националната оптичка транспортна мрежа (НТОМ).

Членовите на НКБК и другите присутни на седницата даваа забелешки и предлози за ревидирање на одредени делови од материјалот, со цел подобрување на содржината на извештајот и негово прилагодување со ToR-от.

Најнапред забелешки беа искажани за содржината на листата на акроними, која ги опфаќа субјектите (институциите и компаниите) кои се дел од извештајот. Посериозна забелешка беше дадена за точката 3.3. која ја опфаќа Методологијата и ги разработува проценетите трошоци за спроведување на идејниот проект на Националната оптичка транспортна мрежа (НТОМ). Имено, членовите на телото препорачаа да се референцира согласно целите во ToR-от, особено НТОМ де се проектира на начин кој ќе ги привлече комерцијалните оператори да поставaт пристапна мрежа за да нудат малопродажни комуникациски услуги за граѓаните, по цени согласно Националниот оперативен бродбенд план (НОБП).

Членовите на НКБК, на седницата ги усвоија следните заклучоци:

**Заклучок 1:** Заради потребата од подготовката на Студијата за изводливост, потребно е МИОА во соработка со НКБК да одржи состанок со ЈП Државни Патишта од аспект на овозможување на нивната слободна инфраструктура да се користи за развој на Националната оптичка транспортна мрежа (НТОМ).

**Заклучок 2:** Согласно Inceptiot Report и договореното со консултантите, потребно е МИОА итно да достави допис/барање до АЕК и ЈП МРД, со цел на консултантите да им се обезбеди пристап до нивните ГИС платформи, за да можат да започнат со подготовката на Студијата за изводливост.

**Заклучок 3:** Членовите на НКБК усвоија измени и дополнувања на Draft Inception Report, за изработка на Студијата за изводливост за развој на Националната оптичка транспортна мрежа (НТОМ) и тој ќе биде електронски пратен до Канцеларијата на ЕУ во Скопје.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дискусија.

[redacted]

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________